ВРХОВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
03Су Бр. 760/18
29.10.2018 год.
СКОПЈЕ

Врховен суд на Република Македонија

# Програма за поддршка на медијацијата

Скопје, 2018 година

Врховниот суд на Република Македонија посебната Програма за поддршка на медијацијата, ја донесува во рамките на исполнување на обврската предвидена во член 27 од Законот за медијација („Службен весник на РМ“ бр.188/13; 148/15; 192/15 и 55/16).

Според оваа законска одредба, Владата на Република Македонија донесува Програма за развој на медијацијата, во која се определуваат мерки и средства со кои се обебедува поддршка на медијацијата. Програмата се донесува за период од најмалку 4-четири години.

Посебни програми за поддршка на медијацијата донесуваат Судскиот совет на Република Македонија и Врховниот суд на Република Македонија.

## ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Тргнувајќи од можноста од алтернативно решавање на одредени спорни односи во кои засегнатите страни можат слободно да располагаат со своите барања, а со посебен закон не е пропишана исклучиво надлежност на суд или друг орган, примената на медијацијата во имотно-правни, семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни спорови, спорови од областа на образованието, заштита на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата, како и во други спорни односи каде медијацијата може да помогне за нивно разрешување, надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија утврдена со Законот за судовите, Судскиот деловник, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, човечките, просторните и материјалните ресурси на судот, донесувањето на програмата е со цел:

- Утврдување на причините за слабата застапеност на алтернативното решавање на спорните односи, посебно медијацијата, нивно надминување преку институционална соработка со Министерството за правда, Комората на медијатори и други органи и организации кои би можеле да дадат свој придонес.
- Промоција, афирмација и унапредуваање на медијацијата, а со тоа и на Програмата и мотивирање на учесниците во спорниот однос за процесот на медијација,
- Контрола на примената на законските одредби со кои е предвидена должност за странките, пред поднесувањето на тужбата, да се обидат спорот да го решат по пат на медијација,
- Поттикнување и охрабрување на судиите во настојувањето, започнатиот судски спор да се реши по пат на медијација,
- Обезбедување просторни услови во судот за практикување на медијацијата и
- Учество на судии на Врховен суд на Република Македонија, како едукатори, во едукацијата на судиите, на тема медијација, организирана од Академијата за судии и јавни обвинители и други институции.

## ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Во рамките на институционалната соработка на Врховниот суд на Република Македонија со Министерството за правда и Комората за медијатори, овој суд активно се вклучува во надминувањето на причините за слабото практикување на медијацијата како еден од начините на алтернативно решавање на споровите, имајќи ја предвид неговата надлежност.

За реализација на оваа цел Комората на медијатори преку анализа на досегашната работа, анкети, јавни расправи со граѓаните и друг начин на сондирање на јавното и стручно мислење, треба да ги утврди пречките за практикување на медијацијата.

Промоцијата, афирмација, развојот и унапредувањето на медијацијата е од исклучителна важност за вонсудско решавање на споровите.

Имајќи ги во предвид просторните и техничките можности и капацитети на судот, Претседателот на судот определува една канцеларија наменета за медијација во која медијаторите би ја спроведувале постапката на медијација.

Со оглед да месната надлежност на медијаторите се протега на целата територија на Република Македонија, канцеларијата наменета за медијација може да се користи кога медијацаијата е почната во текот на судската постапка, согласно Судскиот деловник.

Претседателот на судот од редот на стручните судски соработници определува лице одговорно за давање информации за медијацијата.

На огласната табла на судот се истакнуваат податоци за канцеларијата за медијација, лицето одговорно за давање информации за медијација и извод од имeникот на медијатори кој го води Комората на медијатори.

Врховниот суд на Република Македонија ќе продолжи со досегашната практика на веб порталот на судот да ги објавува своите одлуки, Збирки на судски одлуки, Билтени, начелни ставови и начелни правни мислења на Општа седница на судот, правните мислења, заклучоци и сентенци на одделите во судот, годишниот извештај за работа на судот, со цел учесниците во спорниот однос да осознаат каква би била одлуката на судот во судската постапка, времетраењето на постапката и трошоците во постапката во споредба со трошоците во постапката на медијација.

Лицето одговорно за давање инфромации во врска со медијацијата е должно по барање на учесниците во спорниот однос да ги информира за правното сваќање утврдено со правните инструменти за воедначување на судската практика и обезбедување на единство во примената на законите, за конкретното правно прашање, времетраењето во постапката и трошоците по истата.

Надзорот-контролата на примената на законските одредби со кои е предвидена должност за странките, пред поднесувањето на тужбата да се обидат спорот да го решат по пат на медијација, се обезбедува пред се од Апелационите судови кои одлучуваат по изјавените жалби и од Врховниот суд на Република Македонија кога се исполнети законските

претпоставки за изјавување на вонреден правен лек во конкретниот спор. За имплементација на оваа цел потребно е да се испита можноста од надградување на АКМИС-от како и со предвидуваање обврска на пониските судови во месечните, полугодишните и годишните извештаи задолжително да дадат информација за овие предмети, со посебен осврт за медијацијата во врска со децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

Од особено значење е граѓаните да бидат информирани за последиците од непридржувањето кон овие законкси одредби односно дека немаат право на пристап до судот доколку тужителот со тужбата не приложи писмен доказ издаден од медијатор дека обидот за решавање на спорот по пат на медијација не успеал.

Во споровите во кои медијацијата не е услов за обезбедување на правото на пристап до судот, односно со тужба е поведена судска постапка, медијацијата не смее да се свати како тактика за одолговлекување на судските постапки и нивно завршување во разумен рок. Во постапувањето по овие спорови судијата тргнува од обврската да го реши спорниот правен однос меѓу странките придржувајќи се на строгите правила на судската постапка. Меѓутоа судот е должен да ја прекине судската постапка доколку двете странки тоа ќе го побараат заради решавање на спорот со медијација или на друг начин.

Се смета дека постои писмена согласност од странките кога тужителот во тужбата предложил како можност спорниот однос да се реши по пат на медијација, а тужениот во одговор на тужбата се согласил со тоа.

Согласноста дека ќе учествуваат во медијација, странките можат да ја дадат со потпишување на изјава на записник пред судот.

Судијата активно учествува во постигнувањето на согласноста на странките да се обидат спорниот однос да го решат со медијација кога тоа е соодветно, внимавајќи на одредбите од членот 6 од Конвенцијата за заштитата на човековите права и основните слободи.

Проценката за таквата можност зависи од однесувањето на странките, а особено од фактот дали спорниот однос е конфликтен до степен да странките сметаат дека може да се реши само во судска постапка.

Програмата се применува од денот на донесувањето, за период од 4-четири години со можност за нејзино изменување и дополнување.

Програмата да се достави до Комората на медијатори и објави на web порталот на Врховниот суд на Република Македонија.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**